Од претходно наведените документи, Комисијата може по службена должност ги прибавува:

- Потврда (уверение) од надлежниот суд дека против кандидатот за директор на депозитар не е изречена мерка на безбедност забрана за вршење на професија, дејност или должност;

- Потврда за престој и дозвола за работа во Република Македонија, доколку кандидатот за директор на депозитар не е државјанин на Република Македонија;

Заради што кандидатот за директор дава изјава со која ја овластува Комисијата во негово име и за негова сметка да ги користи податоците содржани во овој образец во постапката за прибавување на потребните докази од други институции по службена должност.

Член 3

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за начинот и постапката на давање согласност за именување на директор на депозитар на хартии од вредност.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 31.7.2016 година.

| | |
|---|---|
| Бр. 03-614/3<br>8 јули 2016 година<br>Скопје | Комисија за хартии од вредност<br>на Република Македонија<br>Претседател,<br>м-р **Елизабета Чингаровска**, с.р. |

---

**3252.**

Врз основа на член 190 став 1 од („Службен весник на Република Македонија" бр.95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015 и 23/2016) и членот 9 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2009, 67/10, 24/11, 188/13, 145/15 и 23/2016), Комисијата за хартии од вредност на РМ на седницата одржана на 8.7.2016 година донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ ПОСТАПКАТА И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ДОБИВАЊЕ ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ**

Член 1

Во Правилникот за начинот, постапката и потребната документација за добивање дозвола за работење на друштво за управување со инвестициски фондови („Службен весник на РМ" бр.27/2010, 99/2014 и 113/2014) член 1 се менува и гласи:

„Со Правилникот за начинот, постапката и потребната документација за добивање дозвола за работење на друштво за управување со инвестициски фондови (во понатамошниот текст: Правилник) се уредува формата и содржината на барањето и начинот, постапката и потребната документација за добивање дозвола за работење на друштво за управување со инвестициски фондови."

Член 2

Во член 4 во став 2 првата реченица се менува и гласи:„ Документацијата од став 1 точка 4, 5, 6, 7 и 8 на овој член не треба да биде постара од 30 дена сметано од денот на поднесување на барањето за дозвола за работење до Комисијата."

По став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„ Документацијата од став 1 точка 2, 3, 9, 11, 12, 13 и 14, Комисијата ја прибавува по службена должност, заради што правното лице дава изјава со која ја овластува Комисијата во негово име и за негова сметка да ги користи доставените податоците во постапката за прибавување на потребните докази од други институции по службена должност".

Член 3

Во член 5 во став 3 првата реченица се менува и гласи: Документацијата од став 1 точка 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13 на овој член не треба да биде постара од 30 дена сметано од денот на поднесување на барањето за дозвола за работење до Комисијата."

По став 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„Документацијата од став 1 точка 2, 3, 13 и 14 Комисијата ја прибавува по службена должност заради што физичкото лице дава изјава со која ја овластува Комисијата во негово име и за негова сметка да ги користи доставените податоците во постапката за прибавување на потребните докази од други институции по службена должност".

Член 4

Во член 6 во став 3 првата реченица се менува и гласи: „ Документацијата од став 1 точка 9, 10, 11, 12, 13, 14 и 15 на овој член не треба да биде постара од 30 дена сметано од денот на поднесување на барањето за дозвола за работење до Комисијата."

По став 3 се додава нов став 4 кој гласи:

„Документацијата од став 1 точка 7 и 8 Комисијата ја прибавува по службена должност заради што физичкото лице дава изјава со која ја овластува Комисијата во негово име и за негова сметка да ги користи доставените податоците во постапката за прибавување на потребните докази од други институции по службена должност".

Член 5

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за начинот, постапката и потребната документација за добивање дозвола за работење на друштво за управување со инвестициски фондови.

Член 6

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 31.7.2016 година

Бр. 03-616/3
8 јули 2016 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска**, с.р.

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

**3253.**

Врз основа на член 17 став (10) Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010 36/2011, 98/2012 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015 и 30/2016) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, на седницата одржана на 1.7.2016 година, донесе

### ПРАВИЛНИК
### ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР И НА НАДЗОРЕН ОДБОР НА ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

Член 1

Во Правилникот за начинот и постапката за избор на член на управен одбор и на надзорен одбор на пензиско друштво („ Службен весник на РМ" бр. 175/2013) во член 6 ставот (1) и член 9 ставот (2) зборот: „спроведува" се заменува со зборовите: "може да спроведе".

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 03-924/2
8 јули 2016 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
д-р **Булент Дервиши**, с.р.

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

**3254.**

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

### РЕШЕНИЕ
### ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ГОВЕДСКО МЕСО И МЕСО ОД ДИВИ ПРЕЖИВАРИ, ПРОИЗВОДИ И ПРЕРАБОТКИ ОД ГОВЕДСКО МЕСО И МЕСО ОД ДИВИ ПРЕЖИВАРИ, МЛЕКО И ПРОИЗВОДИ ОД МЛЕКО ОД ГОВЕДА, КАКО И НУСПРОИЗВОДИ ОД ГОВЕДА И ДИВИ ПРЕЖИВАРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД РЕПУБЛИКА КОСОВО

Член 1

Со ова решение се забранува увоз и транзит на говедско месо и месо од диви преживари, производи и преработки од говедско месо и месо од диви преживари, млеко и производи од млеко од говеда, како и нуспроизводи од говеда и диви преживари во Република Македонија заради спречување на внесување на вирусот на болеста на чвореста кожа (Lumpy skin disease).

Забраната од став 1 на овој член се однесува на пратки кои потекнуваат од регионот Гњилане во Република Косово.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-3916/1
7 јули 2016 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
Директор,
м-р **Зоран Поповски**, с.р.

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**3255.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 151, став 10 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16 и 53/16) и член 17, став 1 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија" бр.18/12, 97/12, 63/13 и 25/15), постапувајќи по барањето на Трговското друштво за производство на електрична енергија ПЕЛАГОНИЈА ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Битола за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, на седницата одржана на ден 13.7.2016 година, донесе